**Кој може да биде корисник по мерка 103-Потенцијален корисник**

**1) Општа дефиниција на корисник**
За инвестициони проекти по мерката 103 како потенцијални корисници можат да се јават:

- **Правни лица** основани согласно Законот за трговски друштва, кои влегуваат во рамките на мало и средно претпријатие согласно Препораката 2003/361/ЕС, и кои се регистрирани во системот на ДДВ во согласност со Законот за данокот на додадена вредност.
- **Земјоделски задруги** основани согласно Законот за земјоделски задруги со основна дејност земјоделство само за подмерките 10321 Инвестиции за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук и 10331 Инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко.

**Напомена: Правните лица кои во својот вкупен капитал имаат повеќе од 25% удел од државата не може да бидат корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013**

**Што е мало и средно претпријатие?**

| | | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Големина на барател: | Мало претпријатие | <50 | ≤ 10 милиони евра | ≤10 милиони евра |
| | Средно претпријатие | <250 | ≤ 50 милионии евра | ≤ 43 милиони евра |

**Напомена: Правните лица во рангот на микро претпријатија согласно Препораката 2003/361/ЕС не може да бидат корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013**

Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА СООДВЕТНАТА ГОДИНА” издаден од Централен Регистар на Република Македонија

За новоформираните правни лица кои ќе се јават како баратели по ИПАРД Програмата, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги класифицира во рангот на микро, мали, средни или големи претпријатија врз основа на податоците наведени во Деловниот план.